

Никола Џеров

Никола Џеров (4. IX 1892 –1. XI 1975) е бугарски и македонски поет, прозаист и публицист. Објавува литературни и публицистички прилози во разни списанија и весници во Бугарија под псевдонимите Бојко и Македонец, како и преводи во повеќе антологии од француски, руски и германски поети. Од 1926 до 1928 година бил член на Редакцијата на легалниот орган на ВМРО „Македония“, но по убиството на Александар Протогеров, како револт „поради братоубиствата на Македонците што се разгореа во

Бугарија“, ја напуштил Редакцијата.

Никола Георгиев Церов е роден на 4 септември 1892 година во Софија, во семејство на преселници од Охрид. Тој живеел во бегалскиот софиски квартал Јучбунар и уште како мал го усвоил македонскиот како домашен јазик. Никола завршил гимназија и студии по словенска филологија на Софискиот универзитет, каде станал член на Македонскиот младински сојуз.

Во периодот од 1914 до 1915 година престојувал во градот на неговите родители и пишувал стихови на македонски јазик, а од 1914 до 1917 година, активно учествувал во Академското друштво „Бело Море“. Во зачуваниот ракописен „Беломорски дневник“ (потпишан со псевдонимот Церонимо) е забележена и песната „Откако те видоф“ што подоцна влегува со други три и во стихозбирката со негови стихови (и на македонски) „Охридска пролет, Спомени“ (1923), а две од нив и во збирката со нотирани македонски песни од Јосиф Чешмеџиев (1926).

Во меѓувоениот период Никола Церов уредувал различни книжевни списанија како што се „Развигор“, „Книжевен глас“, „Женски весник“ и други, како и публикации од македонската емиграција, Во периодот од 1923 до 1926 година работел како редактор и член на Редакцијата на органот на Македонскиот младешки зговор, преименуван во Сојуз на македонските младешки културно-просветни организации во Бугарија „Устрем“.

Во периодот од 1926 до 1928 година Никола Церов бил член на Редакцијата на легалниот орган на ВМРО „Македония“, но по убиството на Александар Протогеров, како револт „поради братоубиствата на Македонците што се разгореа во Бугарија“, ја напуштил Редакцијата.

Во неговиот семеен дом, наречен Република или дом на републиканците, често заедавало крилото на протогеровистите. Поради тоа, на 17 октомври 1932 година, во Софија врз него и Григор Петков, бил извршен неуспешен атентат од страна на Михајловистите .

Објавува литературни и публицистички прилози во разни списанија и весници во Бугарија под псевдонимите Бојко и Македонец, како и преводи во повеќе антологии од

француски, руски и германски поети. Исто така автор е на стихозбирки и книжевни антологии со преводи на персиска, арапска, јапонска, кинеска и индиска поезија.

Во текот на својот живот Џеров објавил: „Благословията над света“ (1922), стихови; „Охридска пролет. Спомени“ (1923, второ издание – 1925); „На юг. Разкази и спомени из македонския живот“ (1928), разкази и спомени; „Пролет край езерото“ (1930), стихови; „Братоубийството. Кървави парадокси. Жестокото разрушение. Стига кръв!“ (1933, под псевдоним Македонец); „Живата легенда на Охрид“ (1934), стихови; „Далечната земя“ (1938), разкази и спомени; „Гергьовденски люлки“ (1940), стихови.

Никола Георгиев Џеров починал на 1 ноември 1975 година во Софија.